Врз основа на член 27 став (9) од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА СТЕКНАТО ИСКУСТВО ВО ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на сметководители и барањето за упис во Регистарот на овластени сметководители, како и формата и содржината на потврдата за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи.

## Член 2

Барањето за упис во Регистарот на сметководители се поднесува на образец „Барање за упис во Регистарот на сметководители“, во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Барањето за упис во Регистарот на овластени сметководители се поднесува на образец „Барање за упис во Регистарот на овластени сметководители“, во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Потврдата за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи се поднесува на образец „Потврда за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи “, во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на потврдата од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на сметководители и Регистарот на овластени сметководители („Службен весник на Република Македонија” бр. 212/16).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 13- 543/1
20 јануари 2023 година
Скопје

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi, с.р.

ПРИЛОГ 1

ДО

ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И
ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Б А Р А Њ Е

за упис во Регистарот на сметководители

Од ________________________________________________________________

(име, име на еден од родителите и презиме)

________________________________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

________________________________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

вработен во____________________________________________________

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија да изврши упис во Регистарот на сметководители, согласно член 27 став (1) од Законот за вршење на сметководствени работи (*).

Место и датум                                                        Подносител на барањето

____________                                                        ____________________

ПРИЛОГ 2

ДО

ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И
ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Б А Р А Њ Е

за упис во Регистарот на овластени сметководители

Од ____________________________________________________________

(име, име на еден од родителите и презиме)

_______________________________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

_______________________________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

вработен во________________________________________________________

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија да изврши упис во Регистарот на овластени сметководители, согласно член 27 став (1) од Законот за вршење на сметководствени работи (*).

Место и датум | Подносител на барањето

__________ | ____________________

ПРИЛОГ 3

По барање на работникот ___________________ од ___________, со живеалиште на ул. ___бр. __, ЕМБГ ___________, од работодавачот _______________________ на __________ година се издава

П О Т В Р Д А
за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи

Се потврдува дека работникот _______________________од ______, со живеалиште на ул. _____________бр. __________, ЕМБГ __________________, за време на работењето кај работодавачот _______________________ извршуваше уредно, совесно и професионално сметководствени работи за потребите на работодавачот во континуитет од ___________години.

Потврдата се издава да му послужи на работникот како доказ за потврдување на стекнато искуство во вршење на сметководствени работи пред Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

Име и презиме и потпис на
овластено лице кај работодавачот

_______________________

М.П